ЗДРУ... ...ОНЕКТ
0201-64/3
20.04.2023 год.

Врз основа на член 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 година, бр. 135 од 03.10.2011 година и бр. 55 од 22.03.2016 година) и член 21 од статутот на Здружението Конект, Собранието на Здружението Конект, на седницата одржана на 20.04.2023 година, донесе:

# *СТАТУТ*
## *на Здружението* Конект

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението Конект од Скопје е здружение, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување, заштита и усогласување на своите права, интереси и уверувања.

**Член 2**

Граѓаните се здружуваат во Здружението Конект, заради остварување на поширок општествен интерес верувајќи дека Северна Македонија и регионот имаат потенцијал да се развиваат потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Здружението Конект има визија за просперитетно општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат и преку донации, волонтирање и сопствена одговорност ќе придонесуваат за рамномерен и одржлив развој на заедниците.

Мисијата на здружението Конект е поттикнување и промовирање на приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и одржлив развој во Северна Македонија и регионот.

Одржлив и динамичен граѓански сектор е неопходен за филантропијата и општествената одговорност да го постигнат својот целосен потенцијал и ефективност. Следствено, како дел од својата мисија Здружението Конект делува кон градење на поволна средина за развој на граѓанските организации и на нивната финансиска одржливост.

**Член 3**

Здружението Конект е самостојно, доброволно, независно и непрофитно здружение коешто своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, како и со другите законски норми во државата.

**Член 4**

Називот на здружението е Здружение Конект од Скопје.

Во секојдневното работење, здружението ќе го користи скратеното име Конект.

Името на Здружението Конект на англиски јазик гласи – Association Konekt.

**Член 5**

Седиштето на Здружението Конект е во Скопје, на ул. „Ристо Шишков" бр. 12-1/4, 1000 Скопје.

Здружението Конект се организира и делува на подрачјето на Република Северна Македонија како и регионално на Балканот и пошироко.

**Член 6**

Здружението Конект од Скопје е правно лице.

Здружението Конект од Скопје има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Конект од Скопје.

Штембилот на Здружението Конект е правоаголен со следниот текст: Здружение Конект од Скопје, број, дата и место.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО КОНЕКТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ**

**Член 7**

Граѓаните се здружени во Здружението Конект заради остварување на поширок заеднички интерес во доменот на филантропијата, општествената одговорност и меѓусекторските партнерства. Конкретните цели и задачи се:

- унапредување, промовирање и поттикнување на филантропијата вклучително и волонтерството
- унапредување, промовирање и поттикнување на општествената одговорност на претпријатијата и граѓаните
- поттикнување на партнерства помеѓу различните сектори во општеството
- промовирање на модели кои ги интегрираат економските и социјалните цели и поттикнуваат одржлив бизнис.

Здружението Конект работи на стимулирање, промовирање и градење на структурна и правна поддршка неопходна за културата на донирање, општествена одговорност и финансиска одржливост на граѓанските организации и се стреми да биде клучната алка за поврзување на локалните донатори со граѓанскиот сектор.

Преку своето делување, Здружението Конект придонесува кон остварување на одржлив развој и финансиска одржливост на граѓанските организации и социјалните претпријатија. За унапредување на својата работа и влијание, Конект активно учествува во европски и глобални мрежи, процеси и иницијативи.

## Член 8

Здружението Конект своите цели ќе ги остварува преку следните облици и начини на дејствување:

- давање поддршка, консултации, совети и менторирање на граѓаните, нивните семејства и деловните субјекти;
- поттикнување на поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- давање поддршка на деловните субјекти да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- давање поддршка на деловните субјекти и граѓанските организации за да развијат стратешки приоди кон одржливост;
- Придонес за подобрување и развој на социо-економското и политичкото опкружување неопходно за делување на граѓанските организации и бизнисите во доменот на делувањето на здружението;
- здружување на донации од граѓани и компании преку специјални настани, кампањи и фондови и нивно пренасочување кон граѓански организации, социјални претпријатија и локални заедници;
- подигнување на свеста за потенцијалот на филантропијата, општествената одговорност, меѓусекторските партнерства и потребата од интегрирање на економските и социјалните цели;
- застапување за поттикнувачка законска рамка во доменот на делување на здружението;
- организирање и спроведување на обуки, конференции, работилници, семинари итн на национално и регионално ниво за непрофитни субјекти, деловни субјекти и јавни институции;
- зајакнување на капацитетите на институциите и другите субјекти во доменот на делување на здружението;
- спроведување на истражувања и анализи во доменот на делување на здружението;
- споделување на добри практики и споредбени искуства, вклучување во работата на глобални и европски мрежи.
-

## Член 9

Во своето работење, Здружението Конект се води од следните начела и вредности:

- посветеност и одговорност
- конзистентност во исполнувањето на мисијата и на потребите на корисниците
- интегритет и етичност
- солидарност
- квалитет во работењето, колегијалност и грижа за вработените
- демократски вредности и добро владеење
- транспарентност и јавност во работењето
- почитување на различностите

- поттикнување на меѓусекторска соработка
- активен пристап во решавање на проблеми
- почитување на доверливоста и приватноста согласно позитивните законски норми и почитувањето на човековите права и слободи.

**Член 10**

Дејностите кои ќе ги обавува здружението за остварување на неговите цели се:

- Дејности на други организации врз база на зачленување неспомнати на друго место (НКД 94.99)
- Управувачки дејности, советување во врска со управувањето (НКД0.22)
- Истражување и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки (НКД 72.20)
- Канцелариско административни и помошни дејности (НКД 82.1)
- Организација на состаноци и деловни саеми (НКД 82.30)
- Управување и давање помош за поуспешно деловно работење (НКД 84.13)
- Друго образование, неспомнато на друго место (НКД 85.5)
- Издавање на книги (НКД 58.11)
- Издавање на списанија и периодични изданија (НКД 58.14)

**ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО КОНЕКТ**

**Член 11**

Член на Здружението Конект, може да биде секое физичко и правно лице коешто ги споделува мисијата, вредностите и целите на здружението и кој/-а доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава.

Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението.

Здружението Конект за своите членови води регистер на членството, кој се ажурира најмалку еднаш на две години.

Податоците за членовите на здружението се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 12**

Членот има право да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да предлага решавање на прашања од заеднички интерес и да придонесува во развојот и популарноста на Здружението..

Секој член може доброволно да истапи од здружението.

**Член 13**

Исклучувањето од членство во здружението се остварува во следните случаи:

- кога член на Конект делува спротивно на законските одредби и одредбите од овој Статут
- кога член на Конект не ја споделува мисијата на Здружението Конект и делува спротивно на неа

Престанок на членството во здружението настанува во следните случаи:

- кога ќе се постигне взаемна согласност дека членувањето во Конект не е целисходно
- на барање на членот на Конект поради приватни или професионални причини

**Член 14**

Обврски на членовите во Здружението се:

- редовно да ја плаќаат членарината доколку таа се воспостави;
- да присуствуват на состаноците на Собранието;
- да го поддржат спроведувањето на програмата, на активностите на Здружението согласно со обврските и задачите кои се договорени.

**ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА**

**Член 15**

Работата на Здружението Конект е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, други граѓански организации, донаторите и пошироката јавност за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работата на органите и телата на Здружението, за материјално-финансиското работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност можат да се користи директна комуникација, веб страната на здружението, класични, дигитални и социјални медиуми, како и дистрибуција на годишните извештаи и програмски материјали.

**Член 16**

Здружението Конект за својата работа еднаш годишно изготвува деловен и финансиски извештај кој се објавува на веб страницата на здружението.

**ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО КОНЕКТ**

**Член 17**

Здружението Конект од Скопје го претставува и застапува застапникот на Конект кој/а воедно ја извршува и функцијата на Извршен директор/ка.

## УПРАВУВАЊЕ СО ЗДРУЖЕНИЕТО КОНЕКТ

**Член 18**

Со Здружението Конект управува организирано членство на Здружението непосредно или преку избрани претставници во органите.

Права и должности на претставникот се:

- да ги спроведува во целост одредбите од Статутот;
- активно да придонесе за развој на Здружението;
- да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;
- да бара стручна и друга помош од областа на делување на здружението.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО КОНЕКТ

**Член 19**

Органи на Здружението Конект се:

1. Собрание
2. Управен одбор
3. Извршна канцеларија

По потреба, а за исполнување на стратешките цели и програми на организацијата, Здружението Конект може да воспостави и други работни и советодавни органи и тела како и ограноци.

**Член 20**

Собранието е највисок орган на Здружението Конект и го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Собранието одлучува на седници и дописно.

Седниците се одржуваат со физичко присуство, електронски или комбинирано со употреба на телефонски или интернет врски..

**Член 21**

Седници на Собранието свикува Извршната канцеларија на здружението.

Седници на Собранието се свикува и по писмено барање на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Седница на Собранието за работа на Извршната канцеларија може да се свика и по предлог на Управниот одбор.

Седницата на Собранието од ставовите (2 и 3) на овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

**Член 22**

Собранието полноважно донесува одлуки со мнозинство гласови од членовите што гласале, а кога гласале најмалку една половина од вкупниот број членови со право на глас.

Изјаснувањето и гласањето на членовите на Собранието може да се одвива на седници и дописно.

Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот на Здружението Конект и врши измени и дополнувања на истиот;
- идентификува, избира и разрешува членови на Управниот одбор и на други органи кои здружението ќе ги формира;
- усвојува стратешки документи за работа на Здруженито за период од 4 или повеќе години;
- донесува програма и други акти на здружението согласно закон;
- го разгледува и усвојува годишниот деловен и финансиски извештај на Здружението;
- го разгледува и усвојува извештајот на Управниот одбор;
- усвојува завршна сметка на Здружението;
- расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на стратешки прашања од интерес на Здружението;
- решава за формирање на ограноци на Здружението;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Р. Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението и
- врши други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

Доколку Извршниот директор/ка е член на Собранието, тој/таа учествува на седниците без право на глас.

**Член 23**

Управниот одбор е колективно тело одговорно за тековното управување во организацијата заради остварување на статутарните и програмските задачи и одлуки.

Управниот одбор ги има следните надлежности:

- врши надзор и контрола над спроведувањето на одредбите од овој Статут и програмата на организацијата;

- обезбедува и врши надзор на спроведувањето на одлуките и заклучоците на Собранието;
- се грижи за почитувањето на мисијата, начелата и вредности на организацијата;
- се грижи за доследно спроведување на стратегијата и политиката на здружението;
- предлага свикување на седница на Собранието;
- предлага измени и дополнување на статутот;
- се грижи за работењето и имотот на организацијата во насока на остварување на мисијата;
- усвојува годишни програми и финансиска рамка на здружението;
- се грижи здружението да има доволно ресурси и го помага прибирањето средства за здружението;
- учествува во процесите на стратешко планирање на здружението;
- учествува во промоцијата на здружението;
- усвојува правилници за работењето и врши надзор врз начинот на работењето на Извршната канцеларија;
- врши проценка на работата на Извршниот директор/ка;
- ги прегледува годишните деловни и финансиски извештаи, завршната сметка и другите акти на организацијата и врши надзор над нивното објавување во јавноста;
- формира комисии и тела од постојан или привремен карактер за остварување на програмските цели и задачи;
- донесува Деловник за својата работа;
- врши други работи утврдени со закон и статут или делегирани од Собранието;
- подготвува извештај најмалку еднаш годишно за својата работа и го доставува до Собранието.

Своите наоди и одлуки Управниот одбор ги доставува до до Извршниот директор/ка на Здружението Конект.

За својата работа, Управниот одбор одговара пред Собранието на Здружението Конект.

**Член 24**

Управниот одбор е составен од најмалку 3 (три) члена.

Собранието на Здружението Конект ги избира членовите на Управниот одбор на редовни или вонредни седници.

Членовите на Управниот одбор се избираат со мандат од две години, со можност за реизбор.

Предлог за членови на Управниот одбор може да дадат Извршната канцеларија, најмалку една третина од членовите на Управниот одбор или најмалку една третина од членовите на Собранието.

Вработените во здружението, членовите на Извршната канцеларија и членовите на Собранието не можат да бидат членови на Управниот одбор.

Работата во Управниот одбор е доброволна и волонтерска односно, без надомест за работењето.

**Член 25**

Мандатот на член на Управниот одбор може да престане во следните случаи:

- истек на времетраење на мандатот дефиниран во став 3 од член 24;
- на барање на самиот член на Управниот одбор поради приватни или професионални причини;
- поради деловна оневозможеност за вршење на работата или смрт;
- поради кршење на законските одредби или на одредбите на Статутот по одлука за разрешување од Собранието;
- поради избор на функција во политичка партија или државна управа.

**Член 26**

Седниците на Управниот одбор се одржуваат најмалку три пати годишно.

Управниот одбор одлучува на седници и дописно.

Седниците се одржуваат со физичко присуство, електронски или комбинирано со употреба на телефонски и интернет врски.

Управниот одбор полноважно донесува одлуки со мнозинство гласови од членовите што гласале, а кога гласале најмалку една половина од вкупниот број членови со право на глас.

Изјаснувањето и гласањето на членовите на Управниот одбор може да се одвива на седници и дописно.

Седница на Управниот одбор свикува Претседавачот на Управниот одбор или по барање на 1/3 од членовите на Управниот одбор.

Извршниот директор/ка учествува на седниците на Управниот одбор без право на глас.

**Член 27**

Управниот одбор од своите редови избира Претседавач/ка на Управниот одбор.

Претседавачот ги има следните функции:

- ги свикува седниците на Управниот одбор
- заедно со Извршниот директор/ка го подготвува дневниот ред за седниците
- заседава со седниците на Управниот одбор
- ја координира работата на Управниот одбор помеѓу седниците
- подготвува информација за работата на Управниот одбор
- назначува претседавачи на комисии и други работни тела
- го надгледува процесот на вработување и проценка на учинокот на Извршниот директо/ка
- ги потпишува одлуките и настапува во име на Управниот одбор.

Во обавувањето на функциите, Претседавачот/ката се координира и соработува со Извршниот директор/ка.

**Член 28**

Членовите на Собранието и на Управниот одбор се обврзани да постапуваат согласно принципите за спречување на судир на интереси.

Членовите на Собранието и на Управниот одбор треба да се изземат од одлучување и гласања за прашања каде што тие имаат можен судир на интереси.

Членовите на органите пред седниците задолжително треба да пријават било каков можен судир на интереси поврзан со прашања што се опфаќаат за време на седницата на органот.

**Член 29**

Извршната канцеларија на Здружението Конект е извршен орган на Собранието и Управниот одбор кој се грижи за реализација на проекти, програми и извршување на административни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на здружението.

Собранието ги одредува надлежностите на извршната канцеларија.

Управниот одбор го одредува начинот на работа Извршната канцеларија.

**Член 30**

Извршната канцеларија за својата работа е одговорна пред Собранието и пред Управниот одбор на Здружението.

**Член 31**

Управниот одбор на Здружението Конект избира Извршен директор/ка.

Извршниот директор/ка ги избира членовите на Извршната канцеларија.

**Член 32**

Извршниот директор/ка го претставува и застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица во јавноста.

**Член 33**

Извршниот директор/ка ги има следните функции:

- раководи со извршната канцеларија;
- обезбедува ресурси и располага со средствата на здружението согласно на можностите и потребите;
- потписник е на сметките на здружението и ги одобрува сите финансиски трансакции;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието и од Управниот одбор;
- го информира Управниот одбор и Собранието за текот на проектите или програмите и за финансиите поврзани со нив;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.5
SHKUP-nr.5 ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

- подготвува предлог-проекти и програми и се грижи за нивното спроведување, следење и евалуација;
- подготвува годишен буџет;
- предлага политики и стратешки иницијативи;
- ги определува работните тимови кои ќе ги спроведуваат проектите и програмите на здружението;
- ја предлага на Управниот одбор организациската структура на извршната канцеларија;
- во рамки на Извршната канцеларија идентификува предлози за потенцијални кандидати за членови на Управниот одбор;
- дава административна и техничка поддршка на работата на Собранието и на Управниот одбор.
- ја одредува и спроведува кадровската политика на извршната канцеларија;
- ги потпишува актите за соработка со други организации на територијата на Република Северна Македонија и надвор од неа;
- најмалку еднаш годишно му доставува на Управниот одбор и на Собранието извештај за работата на извршната канцеларија и материјално-финансиското работење на здружението;
- при измени на статутот, во рок од 30 дена поднесува барање до Централниот регистар на Република Македонија за запишување на истите во регистарот на здруженијата и фондациите; и
- врши и други работи утврдени со овој статут или со одлука на Управниот одбор и на Собранието.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО КОНЕКТ

### Член 34

Здружението остварува средства од:

- членарина;
- донации;
- подароци (во пари, добра, имотни права)
- спонзорства;
- буџетот на централната власт како и единиците на локална самоуправа;
- провизии од органи, организации, заедници итн;
- завештенија и легати;
- дејности со кои се стекнува добивка согласно задачите и дејностите утврдени во член 8 и член 10 од Статутот;
- приходи од камати;
- и од други услуги и приходи дефинирани во програмските документи на здружението.

### Член 35

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши за остварување на мисијата на здружението на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

**Член 36**

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Средствата на Здружението Конект се употребуваат за остварување на целите и задачите на организацијата определени со Статутот.

Членовите на органите на Здружението Конект се должни да управуваат и работат со средствата во интерес на целите на организацијата, во согласност со принципите на доброто управување и над личниот интерес.

Ако во работењето на Здружението Конект се оствари добивка, таа мора да биде употребена за остварување на целите на здружението.

Средствата на организацијата и добивката не можат да се исплаќаат и распределуваат на основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица.

Претходниот став не ги вклучува платите и надоместоците на вработените согласно закон, надоместокот на лицата ангажирани за спроведување на програмските цели и задачи на здружението како и надоместокот на патните и дневните трошоци на членовите на органите за обавување на нивните функции.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.5
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.5

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО КОНЕКТ

**Член 37**

Здружението Конект ќе престане со работа ако:

- за тоа одлучат членовите на Здружението,
- ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање,
- ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 38**

По престанок на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на здружение или фондација со сродна мисија кое ќе го одреди Собранието на Здружението Конект во текот на постапката за престанок.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението Конект.

**Член 40**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат со одлука на Собранието на Здружението Конект.

Скопје, 20.04.2023 година

Застапник
Никица Кусиникова

ЗДРУЖЕНИЕ КОНЕКТ СКОПЈЕ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
SHKUP-nr.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP